Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), Општина Гостивар, на ден 10.09.2018 година, донесе

Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ измена и дополна на ДУП за Блок 7, КО Гостивар 1, Општина Гостивар, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Гостивар, www.gostivari.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ измена и дополна на ДУП за Блок 7, КО Гостивар 1, Општина Гостивар, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Од самата технологија нема да има загадување на вода,почва,бучава на околното население и воздухот,односно нема да има нарушување на животната средина

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.20-1500/1
Датум:10.09.2018
Место: општина Гостивар

Име и презиме
Градоначалник

Арбен Таравари

Scanned by CamScanner